# ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕ НА СЕДНИЦИТЕ НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

период: мај - јули 2022 година

Институт за човекови права

AMBASSADE DE FRANCE EN MACÉDOINE DU NORD
Liberté
Égalité
Fraternité

Институтот за човекови права во рамките на проектот „Зголемена транспарентност и отчетност на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија" (СЈОРСМ) финансиски поддржан од Француската амбасада во Скопје редовно ги следи седниците на Советот со цел зголемување на транспарентноста и подобрување на ефикасноста и отчетноста на институцијата.

Во текот на овој извештаен период (мај – јули 2022 година), СЈОРСМ одржал 10 седници на кои се дискутирало за различни прашања од аспект на разгледување на годишни извештаи на вишите јавни обвинителства, до избор на јавни обвинители во основните јавни обвинителства, вишите јавни обвинителства, Обвинителството за гонење на организиран криминал и корупција и во Јавното обвинителство на РСМ, па сè до постапување по претставки и прашања кои се однесуваат на тековното функционирање на СЈОРСМ.

Од аспект на транспарентноста и отчетноста на СЈОРСМ, може да се констатира дека Советот на јавни обвинители е генерално транспарентен и отчетен. Седниците се отворени за јавноста, освен оние каде според закон, јавноста мора да биде исклучена.

Од секојдневниот увид во веб страницата на СЈОРСМ, може да се констатира дека постои потреба од поголем континуитет во објавување на соопштенијата за закажување на седниците од причина што соопштението за одржување на 56-тата седница беше објавено на денот на одржување на седницата/или по одржување на истата (слично постапување и со објавување на соопштението за одржување на 62-та седница, додека пак соопштението за 61-та седница и донесените одлуки од истата воопшто не се објавени). Согласно Деловникот за работа на СЈОРСМ, во член 13 став 5 е предвидено дека поканата за седницата со предлог на дневниот ред и сите релевантни материјали, по правило се доставува до членовите на Советот писмено или по електронски пат најмалку 3 дена пред седницата. Датумот, времето и местото на седницата и дневниот ред се објавуваат истовремено со поканата на веб страницата на Советот. По исклучок, седницата може да биде закажана и одржана во пократок временски период доколку итноста на прашањето бара итно дејствување или ако сите членови на Советот се согласуваат или поради некои други разумни причини.

Истите забелешки се однесуваат на објавување на записниците од одржаните седници, каде е потребен континуитет во нивно објавување, од причина што при увид во веб страницата на СЈОРСМ може да се утврди дека е објавен записник од подоцнежна седницата, додека пак записник од претходно одржана седница сè уште не е јавно објавен и покрај тоа што записниците од претходната седница се усвојуваат на следната седница на Советот на јавни обвинители без или со инкорпорирани забелешки од страна на членовите на СЈОРСМ.

Во однос на самиот начин на водење на седниците и ангажираноста на членовите на СЈОРСМ, може да се забележи континуирана ангажираност на сите членови кои активно учествуваат во работата на Советот на јавни обвинители со свои мислења, забелешки и предлози. Се забележува дека членовите на Советот посветуваат особено внимание на процедуралните аспекти при одлучувањето при што дискутираат и носат заедничка одлука која честопати е едногласна, но и се забележуваат и издвоени гласања од некој член на СЈОРСМ.

Во овој извештаен период може да се заклучи дека е мал бројот на претставки кои се поднесуваат до Советот на јавни обвинителни. Најверојатно причината за тоа се должи на фактот што граѓаните не се запознаени со можноста да поднесат претставка и/или не знаат дека претставката се поднесува до Советот на јавни обвинители.

Во однос на комуникација со јавноста и проактивното објавување на информации, од увидот во веб страницата на СЈОРСМ може да се констатира дека не се објавуваат информации кои се однесуваат на тековното делување на СЈОРСМ во смисла на одржани состаноци со други институции, прес конференции, гостувања, јавни дискусии, учество на конференции и слично. Битно е да се објавуваат и вакви информации со цел работата на Советот да се доближи до јавноста и дополнително да се зголеми јавната свест и афирмација на надлежностите на СЈОРСМ. Од анализа на предлог-Стратегијата за комуникации на СЈОРСМ за период 2018-2020 година, може да се утврди дека истата не е во целост имплементирана, иако се забележува значително подобрување на транспарентноста и отчетноста на институцијата. Потребно е да се усвои нова стратегија за претстојниот период во која детално ќе бидат анализирани потребите на СЈОРСМ за непречено функционирање, но и потребата за уште поголем и проактивен пристап во комуникација со јавноста.

**Во изминатиов период, Советот на јавни обвинители ги презеде следниве активности:**

- Усвојување на Годишните извештаи за работата на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Штип,
- Усвојување на Годишните извештаи за работата на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Битола.
- Усвојување на Годишните извештаи за работата на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Гостивар.
- Усвојување на Годишните извештаи за работата на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје.
- Усвојување на Годишниот извештај за работата на Основното јавно обвинителства за организиран криминал и корупција.
- Разгледување на приговори на оценувањето во Основното јавно обвинителства за организиран криминал и корупција.
- Донесување на одлуки за престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија за 10 јавни обвинители и тоа: Мери Тромбева (ВЈО Битола); Елизабета Ристеска (ВЈО Скопје); Сулејман Алијевски (ОЈО Битола); Снежана Зафирова (ОЈО Кочани); Елица Илиевска (ОЈО Скопје); Гордана Смаќоска (ОЈО ГОКК); Жулиета Карова Бошевска (ОЈО Битола); Милка Спирковска (ОЈО Прилеп); Имран Османи (ОЈО Скопје) и Јован Илиевски (ЈОРСМ).
- Назначување на вршител на должност за Вишо јавно обвинителство Штип – Тодор Витларов. Во ВЈО Штип е назначен вршител на должност од причина што одлуката за избор е одложена за некоја од наредните седници на Советот на јавни обвинители.
- Назначување на вршител на должност јавен обвинител за ОЈО Гостивар – Душица Димитриевска

- Донесување на одлука за избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Дебар – Неат Црој
- Назначување на вршител на должност Основен јавен обвинител за ОЈО Куманово – Теута Бедиу
- Донесување на одлука за избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Кочани – Борче Јанев
- Донесување на одлука за избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Кичево – Манка Јаневска
- Донесување на одлука за избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Охрид – Никола Довлев
- Донесување на одлука за избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Радовиш – Биљана Стевчева
- Назначување на вршител на должност Основен јавен обвинител за ОЈО Прилеп – Марјана Илиеска
- Донесување на одлука за утврдување на престанок на функцијата јавен обвинител по сопствено барање од ОЈО Охрид – Воислав Димоски
- Избор на јавен обвинител на ВЈО Битола – Советот на јавни обвинители одлучи оваа точка од дневниот ред да биде одложена за друга седница.

Советот на јавни обвинители ги оцени позитивно годишните извештаи за работата на ВЈО Штип, ВЈО Битола, ВЈО Гостивар и ВЈО Скопје. При разгледување на извештаите СЈОРСМ констатираше дека во сите виши јавни обвинителства недостасуваат обвинители при што бројката на актуелни обвинители со онаа предвидена во систематизацијата значително се разликува.

Во подрачјето на ВЈО Штип и ВЈО Битола има мал број на истраги и извршени увиди на лице место. Дополнително, ВЈО Штип има зголемен обем на работа, а на подрачјето на ВЈО Битола се забележува дека половина од предметите кои се застарени се од ОЈО Охрид. На подрачјето на ВЈО Битола може да се утврди дека има заостанати кривични пријави од минатата година.

На подрачјето на ВЈО Гостивар, односно во ОЈО Гостивар има намален обем на работа поради тоа што со измената на Законот за судови, Основниот суд Кичево стана суд со проширена надлежност, а со тоа и Основното јавно обвинителство Кичево стана обвинителство со проширена надлежност.

Во ВЈО Скопје, Советот на јавни обвинители констатира дека во извештајот нема податок за вкупен број на истраги во ОЈО Скопје, кој податок е битен и секој обвинител треба да го има бројот на истрагите кои ги води. Дополнително, се забележува висока бројка на застарени предмети која се провлекува од 2019 година како и фактот дека нема електронска евиденција на кривичните пријави.

Во однос на изрекување на мерката – притвор, на подрачјето на ВЈО Штип, притворот е рационализиран, на подрачјето на ВЈО Гостивар и во ОЈО Куманово се забележува пораст во одредување на оваа мерка.

Заедничка констатација, а воедно и недостаток за сите виши јавни обвинителства е дека во изминатата година не определиле мерка-конфискација на имот.

Во оние основни јавни обвинителства и/или Виши јавни обвинителства каде се назначени вршители на должност ќе биде потребно во следниот временски период да се изврши избор на јавни обвинители. За избор на јавен обвинител за подрачјето на ОЈО Гостивар и ОЈО Куманово, предложените кандидати не го добија потребното мнозинство, па од таа причина во овие обвинителства се поставени вршители на должност.

Бидејќи Советот на јавни обвинители не расправаше за избор на четири (4) јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје и истиот беше одложен за некоја наредна седница со цел да се утврдат фактите и околностите во врска со кандидатите, ќе биде потребно да се донесат одлуки за избор во следниов период.

Зголемување на транспарентноста и отчетноста на Советот на јавни обвинители преку:

- Континуитет во објавување на соопштенијата за закажување на седници;
- Редоследно објавување на записниците по нивно усвојување од страна на Советот на јавни обвинители;
- Активна транспарентност во делот односи со јавност и објавување на информации поврзани со секојдневното делување на СЈОРСМ;
- Поголем проактивен пристап во комуникација со јавноста и донесување на нова стратегија за комуникација за претстојниот период 2022-2025 и
- Промовирање на работата и надлежностите на Советот на јавни обвинители со цел доближување на оваа институција до граѓаните.

ihr.org.mk